Уп. Бр.08-100/2022

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено Аустротерм ГмбХ, со седиште на Петер Шмид-Гасе 1, 7423, Пинкафелд, Австрија, преку Мартин Иванов, адвокат од Скопје, на седницата одржана на ден 19.07.2022 година, го донесе следното

# Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува дека концентрацијата која се однесува на стекнување на единствена контрола од Аустротерм ГмбХ, со седиште на Петер Шмид-Гасе 1, 7423, Пинкафелд, Австрија, врз друштвото ОПАЛ Технолоџис СРЛ, со седиште во Букурешт, Округ 1, ул. Избицени, бр.117-119, 2 кат, соба 7, Романија, преку купопродажба на акции, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на 20.06.2022 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од Аустротерм ГмбХ, со седиште на Петер Шмид-Гасе 1, 7423, Пинкафелд, Австрија, со која Аустротерм ГмбХ ќе стекне единствена контрола врз друштвото ОПАЛ Технолоџис СРЛ, со седиште во Букурешт, Округ 1, ул. Избицени, бр.117-119, 2 кат, соба 7, Романија, преку купопродажба на акции.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**Аустротерм ГмбХ** е активно во производството и дистрибуцијата на екструдиран полистирен ("XPS"), кој е изолационен материјал, или поконкретно изолациона пена. Аустротерм ГмбХ е дел од Шмид Индустрихолдинг ГмбХ (*Schmid Industrieholding GmbH*), Австрија. Шмид Индустрихолдинг ГмбХ е активен во екстракција на суровини (главно ископ на варовник, талк); производство на цемент; градежна индустрија (како што се бои, префабрикувани производи, облоги, малтери, изолација (на пр. XPS и EPS), штуко, филери, тули, цемент, бетонска индустрија); трговија, изнајмување и сервисирање на машини, опрема и алати за

градежната индустрија; печки за складирање; рекламна индустрија; ловџии трговци.
Шмид Индустрихолдинг ГмбХ има едно претпријатие-ќерка во Северна Македонија, друштвото БАУМИТ д.о.о.е.л. Скопје, со седиште на Јадранска Магистрала 165, Скопје, Северна Македонија. БАУМИТ д.о.о.е.л. Скопје е активно во снабдување со производи на БАУМИТкако што се суви малтери, фасадни системи, изолациски плочи и композитен систем за надворешна топлинска изолација.

**ОПАЛ Технолоџис СРЛ** е активно во производството и дистрибуцијата на екструдиран полистирен ("XPS").
ОПАЛ Технолоџис СРЛ нема претпријатија-ќерки, активности или приходи во Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за утврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конкуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. д-р Владимир Наумовски**